# THE NATIONAL LEGAL AND INSTITUTIONAL FRAMEWORK FOR PROTECTION AGAINST GENDER-BASED VIOLENCE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Luljeta Xhemaili**
Mother Teresa University, Skopje, Republic of N. Macedonia, luljeta.xhemaili@unt.edu.mk

**Abstract**: The fundamental value of gender equality in the RNM is the Constitution of the Republic of North Macedonia, which is embedded in numerous legal and by-laws, acts, government strategies, institutional action plans. Equal rights are of high priority for the state in order to improve the lives of women, men, girls and boys, thus contributing to a democratic and balanced society. The focus of this research is how RNM deals with gender-based violence, through which instruments it comes to punish the perpetrators, support the survivors and strengthen the existing frameworks for the protection of women from gender-based violence. Domestic violence is not a new phenomenon, but it has recently been recognized as a social problem. In 2004, for the first time, domestic violence was included in the Criminal Code in RNM, which abandoned the understanding that it is not only a private problem, but began to be taken into account not only as a threat to individual victims, but also as a threat to the entire society.Since the ratification of the Council of Europe Convention on Combating Violence against Women and Domestic Violence or the "Istanbul Convention", within the framework of its harmonization with domestic legislation, the Law on Prevention and Protection against Violence against Women and Domestic Violence was adopted in 2021 and its full implementation, prompted changes in many laws, including the Criminal Code. In the Criminal Code in RNM, a recent intervention has been carried out due to the use of sensitive vocabulary, as opposed to gender neutrality, to ensure that gender dimensions are taken into account: the definition of criminal acts and the procedures for the implementation of this code. In line with the harmonization of domestic legislation with the Istanbul Convention, these changes were made in that recent intervention of the CC in RNM - criminalization of stalking and sexual harassment as new crimes, with provisions that will be foreseen and sanctioned against the perpetrators and protection of the victims.
**Keywords:** Constitution of RNM, gender equality, punishment, reconciliation, law

# НАЦИОНАЛНАТА ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА ОД РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Љуљјета Џемаиљи**
Универзитет,, Мајка Тереза,,-Скопје Република С. Македонија, luljeta.xhemaili@unt.edu.mk

**Резиме:** Темелна вредност на родовата еднаквост во РСМ е Уставот на Република Северна Македонија, која е вградена во бројни законски и подзаконски, акти, владини стратеги,институционални акциски планови. Еднаквите права се од висок приоритет за државата на РСМ со цел да се унапредат животите на жените, мажите, девојчињата и момчињата, со што се придонесува кон демократско и избалансирано општество.
Фокусот на ова истражување е како РСМ се справува со родово засновано насилство преку кои инструменти доаѓа до казнување на сторителите,подршка на преживааните и зајакнување на постоечките рамки за заштина на жените од родово засновано насилство. Во 2004 година семејното насилство за прв пат се инволвираше во Кривичниот законик во РСМ со што се напушти сваќањето дека тоа не е само приватен проблем туку почна да се зема во предвид не само како закана на поединечните жртви туку и закана за целото општеството.Од ратификацијата на Конвенција на Советот на Европа за борба против насилство врз жените и семејно насилство или „Истанбулската конвенција“, во рамки на нејзиното усогласување со домашното законодавство, беше усвоен Законот за спречување и заштита против насилство врз жени и семејно насилство во 2021 година , и неговата целосна имплементација, поттикна измени во многу закони, помеѓу кои и Кривичниот законик. Во Кривичниот законик во РСМ е вршена скорешна интервенција заради употреба на сензитивен речник,наспроти родово неутралност за гарантирање да родовите диимензи да се земаат во предвид: дефинирањето на кривичните дела и постапките за споведување на овој законик. На линија усогласување на домашно законодавство со Инстанбулската Конвенција се вршија овие измени во таа скорешна интервенција КЗ во РСМ- инкриминирање на ,, демнењето,, и половото вознемирување, како

нови кривични дела, со одредби кои ќе бидат предвидени и саксионирани спрема сторителите и заштита на жртвите .

**Клучни зборови:** Уставот на РСМ, родова еднаквост, казнување, усогласување,закон

## 1. ВОВЕД

Уставот како највисок правен акт во РСМ гарантира еднаквост меѓу двата пола (мажите и жените). Серазбира дека половата дискриминацијата се забранува со бројни закони низ кои се инволвира родовиот концепт во национална законска регулатива.Законските одредби нормативно ги поставуваат и осигуруваат еднаквите можности на жените и мажите во државата . Во 1999 г.во РМ се усвои првиот Национален план за акција за полова рамноправност, заради осигурување на еднаквоста меѓу двата пола. Овој Национален план имаше влиание на унапредувањето на родовата рамноправност која е преставена во десет стратешки области. Оттогаш, па натаму, државата усвојува стратешки документи, планови и програми со цел операционализирање на одредбите од законите кои се однесуваат на родовата еднаквост. Овој дел ќе направи преглед на нормативната рамка и политики на РСМ за заштита од родово засновано насилство. Истражувањата што се направени во РСМ , значи во целата теритотија и добиените податоци како резултат на тие истражувања се застрашувачки бидејќи согласно со истите , дури секоја четврта жена барем еднаш во текот на нејзиниот живот била жртва на насилството. (Љ.Арнаудовски,2007) . Родовото насилство може да биде извршено од различни актери, членови на семејството и други членови на заедницата. Родовото насилство е поврзан со долготрајни директни и индиректни здравствени последици, вклучувајќи нарушувања на менталното здравје, повреди, симптоми на централниот нервен систем, гастроинтестинални симптоми и потиснување на имунолошкиот систем, па дури и смрт(Lopez-Neira I, Patel T, Parkin S, Danezis G, Tanczer L.2019), како и негативни социјални и економски исходи.Насилство врз жените им штети на поединци,семејствата и општеството(Balsarkar G.2021). Насилството врз жените, кое е важен јавно здравствен проблем, и загриженоста за човековите права бараат внимателно проучување и примена на соодветни политики(Devries KM, Mak JY, Garcia-Moreno C, Petzold M, Child JC, Falder G.2013). Исто така, напорите за промена на околностите во кои жените се соочуваат со семејно насилство остануваат значително недоволни(Mahapatro M, Kumar A. 2021).

## 2. ПРАВНАТА РАМКА И ПОЛИТИКИ НА РСМ ЗА ЗАШТИТА ОД РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО

*Устав на РСМ* - Родовата еднаквост може да се смета за загарантирана со Уставот на Република Северна Македонија. Уставот на РСМ ги гарантира основните човекови слободи и права како главен столб на демократски политички систем.Под ова разбираме дека согласно основното начело на еднаквост и недискриминација рабираме дека тоа е гаранција дека граѓаните се еднакви во слободите и правата(Устав на РСМ).

*Закон за спречување и заштита од насилство брз жените и семејното насилство* - Овој Закон (dejure.mk) се заснова на принципот на еднаквост и става акцент врз елиминирање на стереотипите за родовите улоги. Целта на овој закон е да ги заштити, гарантира и превенира човекови слободи и права согласно Уставот и ратификуваните меѓународни договори кои им овозможи на жртвите на насилство врз жените заштита од секој облик на родово засновано насилство.

*Закон за еднакви можности на жените и мажите* - за прв пат беше донесен во 2006 година, потоа во 2008 и 2012 година.Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите и Секторот за еднакви можности при МТСП (Министерство за труд и социална политика) со овој закон ја постигна основната цел за постигнување на родовата еднаквост. Законот во споменатото Министерство воведе и правен застапник за еднаков третман по основ на пол со надлежност да одлучува по преставки од граѓаните.

*Закон за спречување и заштита од дискриминација* – Усвојувањето на овој Закон понатаму ја промовираше заштитата на еднаквите можности на жените и мажите, главно преку заштита од дискриминација, воведувајќи го и интерсекцискиот пристап, поточно заштита од дискриминација со која жените се соочуваат врз основа на својот пол, род и други идентитетски карактеристики (вера, политичко убедување итн.). Со Законот е предвидена и Комисија за спречување и заштита од дискриминација која е надлежна за превентивни активности, но и за поведување на постапки за заштита од дискриминација.

Закон за работни односи предвидува одредби со кои се забраниува дискриминациајта при вработувањето , вознемирувањето и на вработените им се гарантира еднаква плата за еднаква работа како и еднакви услови за професионално усовршување и унапредување вознемирувањето и сексуалното вознемирување.(gradsko.gov.mk). Со Изборниот законик(dzr.mk) е постигната точна цел а тоа значи дека е

регулирана застапеноста на двата пола на кандитатските листи за пратеници и листата за советници во локална самоуправа.
Стратегија за родова еднаквост 2013-2020(morm.gov.mk) : со ефектуирање на востановените механизми и правни средства за заштита е постигната целосна заштита на сите видови на дискриминација и насилсвото.
Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на РСМ(2018-2023)целта и е да го следи динамиката на усогласувањето на националното законодавсто со одредбите на Конвенцијата, коко и за преземените обврски во насока на спречување на насилството врз жртвите и гонење и казнување на сторителите(mtsp.gov.mk).
Националниот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство како стратешки документ на Владата на Република Северна Македонија има за цел да дизајнира, спроведе и координира сеопфатна национална политика за превенција и елиминирање на насилството врз жените која ќе обезбеди сеопфатен правен и институционален одговор на родово-базираното насилство во државата. Во таа насока Наицоналниот план ги дефинира активностите, ги идентификува клучните институции и ја дава временската рамка за нивно реазлизирање (за периодот од 2018 до 2023 година) за инкорпорирање на одредбите од Конвенцијата во националното законодавство на РСМ. Националниот план е изготвен од МТСП во соработката со повеќе други владини институции, но и судовите, обвинителството, парламентот, понатаму, со учество на граѓанските организации и меѓународните организации.

## 3. НАЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО РСМ

Националниот систем за еднакви можности на жените и мажите на Република Северна Македонија е поставен на централно и локално ниво.
Во рамките на МТСП се директно надлежни Секторот за еднакви можности( овој сектор го сочинуваат Одеделението за родова рамноправност и Одделението за превенција и заштита од сите видови на насилство и дискриминација) и државниот правен застапник за еднакви можности( улогата и е да ги заштити со своите постапки оштетените субјекти од дискриминација во јавен и приватен сектор),( член 3 член 24, став 3 од ЗЕМЖМ).
За вклучување на родовата перспектива во различни министерства во РСМ, имплементација на национални стратегии и составување годишен извештај, министерствата се должни да назначат координатор или заменик координатор за еднакви можности со одредени обврски и одговорности и поднесување на годишен извештај за истото до МТСП(ибид членови11 и 12).
На национално ниво, важна е да се спомене и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите(sobranie.mk) при Собранието на РСМ која го следи спроведувањето на законите и националните стратешки документи од оваа област.
Повеќето анализи на националните обврски за постигнување на родовата еднаквост во РСМ укажуваат на неколку слабости кои се уште се предизвик за функционирањето на институционалната машинерија за родова еднаквост.Затоа се споменува потребата за разјаснување на обвските и одговорностите на службениците кои се одговорни за родова еднаквост на жените и мажите и општинските комисии во соодветните акти за ситематизација на работните места, со цел поквалитетно извршување на задачите. Понатаму, клучна за една ефективна институционална машинерија за родова еднаквост е меѓуресорската соработка, која мора да биде континуирана.
Исто така неопходни се соодветни финанскиски средства заради целосно исполнување на активностите на државните органи, затоа целосно се посочува потребата од востановување на еден хармонизиран пристап на прибирање на статистички податоци, кој е неопходен за креирање на соодветни политики и за ефективно следење на состојбите со родовата еднаквост кое овозможува детектирање на слабостите и недостатоците и нивно надминување.

## 4. УСОГЛАСЕНОСТ НА НАЦИОНАЛНАТА ПРАВНА И СТРАТЕШКА РАМКА СО МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ И ПОЛИТИКИ

Република Северна Македонија ги има ратификувано се клучните меѓународни конвенции кои се однесуваат на унапредување на родовата еднаквост, вклучувајќи ги тука Конвенцијата на ООН за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените(CEDAW) и Конвенцијата на СЕ за спречување и борба против насилство врз жени и домашно насилство (Истанбулската Конвенција).
Заедно со активната улога на невладиниот сектор (разните здруженија и граѓански организации и поединци-активисти), изготвени се законски решенија(Квоти за учество на жените во политиката) во правец на подобрување на еднаквоста на двата рода и нивната заштита. Сите овие истражувања на разни граѓански

организаци(reactor.org.mk) тежнеат и ги истакнуваат сите недостатоции на финансите кои се наменети за исполнување на заложбите за стратешка родова еднаквост , недостаток на човечки и технички финансиски капацитети за кординирање на акциските планови и тоа во двата нивоа. Европската Комисија во годишните извештаи(извештај за напредок на РСМ 2019-2020) за развивање на државата перманентно посочува на постоечките стереотипи за жените во јавниот дискурс, високата стапка на неактивност кај самите жени и незадоволителното ниво на специјализирани сервиси поточно засолништа за жртвите на родово базирано насилство. Дополнително се споменува фактот дека имплементацијата на националните стратегии не е само-одржлива, односно се потпира на поддршка од меѓународните организации и донатори.

Состојбата со КОВИД 19 која влијаеше на работата на сите институции, несомнено доведе до застој во и пролонгирање на спроведувањето на дејностите кои се подготвени во Националниот Акциски план за имплементација на Истанбулската Конвенција. Истото е неминовно да се спомене како клучна компонента на анализата на усогласеноста на националната правна и стратешка рамка со меѓународните документи и политики од повеќе причини. Како прво, искуството на жените и мажите при справување со криза (воена, вонредна состојба и слично) е секогаш различно имајќи ги на ум нивните „зададени“ општествени улоги. Понатаму, жените најчесто се жртви на повеќедимензионални нееднаквости. На пример, за време на Ковид пандемијата жените се се соочија со диспропорционални последици во однос на својата економска положба како резултат на нивните пониски примања во споредба со мажите и нивната вклученост во сивата економија. Трето, забраните за движење и пролонгираните престојувања во домовите, заедно со стресот предизвикан од економската состојба, дополнително влијаеше врз зголемување на семејното насилство и родово-заснованото насилство. Па така, според Министерството за внатрешни работи во првите 3 месеци од пандемијата (2020 година) пријавувањето на семејно насилство во споредба со претходната 2019 година било зголемено за 17 проценти(meta.mk 2020) .

Во РСМ само во две неделен интервал на полицискиот час две жени биле убиени од од страна на нивните партнери. Исто така, имајќи го во предвид фактот дека жените главно работат во услужните дејности кои продолжија и за време на Ковид кризата, жените беа повеќе изложени на вирусот за време на кризата. Утврено е дека, од една страна, текстилната индустрија каде што речиси исклучиво работат жени не ги почитуваше превентивните мерки како резултат на што беа евидентирани случаи на ширење на корона вирусот( pravdiko.mk), а од другата страна, пак, текстилните индустрии се соочија со пад на производството поради што дел од нив беа затворени и многу жените вработени таму останаа без работа(lokalno.mk). Според официјалната податоци жените трошат повеќе време во извршување на домашни обврски во споредба со мажите, кое за време на пандемијата дополнитено се зголеми односно грижата за децата, домашните работи и старите лица станаа дополнителен товар кој повторно главно падна на жените(Државен Завод за Статистика 2015 публикаци 2.4.15.20.pdf.)

По ковид кризата државата продолжи власта се фокусираше на ублажување на негативните последици ово областа на економијата, здравството, социјалата и образованието и се очекува да даде соодветен фокус поточно системско адресирање и на различните потреби на жените како посебна категорија, вклучувајќи ги и активностите насочени кон постигнување на поголема родова еднаквост и превенција и заштита од родово-засновано насилство.

Соодветните анализи на националната правна и стратешка рамка на РСМ за успешно постигнување на полова еднаквост и превенцијата и заштитата на жртви на родово зановано насилство укажуваат дека е потребно државата да преземе неколку клучни чекори како: дефинирање на родовата еднаквост и родово базирано насилство како посебни стратешки цели (во консултација и со вклученост на граѓанските организации кои работат во овие области); формирање на Секретаријат за родова еднаквост како посебна стручна служба надлежна за меѓуинституционална синхронизација на спроведување на мерките, програмите и законските одредби релевантни за оваа област; како и назначување на посебно лице - советник за родово засновано насилство, како дел од Канцеларијата на Премиерот на Република Северна Македонија заради следење на имплементацијата на националните акциски планови и стратегии во оваа област.

Во Кривичниот законик во РСМ е вршена скорешна интервенција заради употреба на сензитивен речник,наспроти родово неутралност за гарантирање да родовите диимензи да се земаат во предвид: дефинирањето на кривичните дела и постапките за споведување на овој законик. На линија усогласување на домашно законодавство со Инстанбулската Конвенција се вршија овие измени во таа скорешна интервенција КЗ во РСМ- инкриминирање на ,, демнењето,, и половото вознемирување, како нови кривични дела, со одредби кои ќе бидат предвидени и саксионирани спрема сторителите и заштита на жртвите .

Сексуалниот напад е форма на сексуално насилство и се работи за акт кој не е доброволен и се случил со присила, заканување или употреба на физичка сила. Тоа е намерен акт на насилство и манифестација на моќ, контрола и доминација. Силување може да се појави во повеќе форми и тоа: силување во интимно

партнерска врска или брак, силување од страна на познато или непознато лице, групно силување, силување во војна.Сексуално насилство се однесува на „секој сексуален чин, обид да се добие сексуален чин, несакани сексуални коментари или унапредувања, или дејствија за сообраќај, или на друг начин насочени против сексуалноста на една личност со употреба на принуда, од кое било лице без оглед на нивната врска со жртвата, во било кој амбиент вклучувајќи, но не ограничувајќи се на домот и работата (World Health Organization 2010).

Силувањето или сексуалниот напад е сериозно кривично дело. Целокупната дефиниција за сексуален или непристоен напад е акт на физичко, психичко и емоционално нарушување во форма на сексуален чин, нанесен на некого без негова согласност.Тоа може да вклучи принудување или манипулирање со некого да сведочи или да учествува во какви било сексуални дејствија. Не сите случаи на сексуален напад вклучуваат насилство, предизвикуваат физичка повреда или оставаат видливи траги. Сексуалниот напад може да предизвика сериозна вознемиреност, емоционална штета и повреди кои не можат да се видат - од кои може да биде потребно долго време за да се опорави.

Половиот напад и силувањето според последните измени на Кривичниот законик( praksis.mk (2023)) од член 186 го означува дека казната за вакво насилсво изнесуава од една до осум години затвор.Ако делото ќе биде сторено врз дете кој уште е под 15 г.возраст тогаш Законот предвидува казна затвор од најмалку три години.Исто така со последните измени се цитира дека делото сторено со закана и примена на сила ќе се казни со затвор од три до десет години.Со доживотен затвор или со казна од 10 години ќе се казни сторителот на ова насилство ако делото го сторил со намера, како последица на тоа има тешки повреди и од страна на повеќе лица на суров и понижувачки начин.

Како психолошко насилство се подразбира преку манифестација и изразување на лубомора закани, одземање на правото да врши дејтвија и активности надвор од живеалиштето, понижување и други однесувања од страна на насилникот на ова насилство.Психичкото насилство може да се дефинира како однесување кое има за цел заплашување и прогон, и зема форма на закани, прислушување, уништување на предмети, изолација, агресија вербална злоупотреба и постојано понижување(UN Women).

Демнење има форма на закана, влевање страв и доведување во ризик на жртвата, која постојано се плаши за својата безбедност - вклучува следење, демнење, воспоставување несакана комуникација во живо, преку телефонски повици и пораки преку социјалните мрежи. Сексуално вознемирување на работно место жртвата доаѓа да работи и обезбеди егзистенција за себе и своето семејство каде се создава непријатна, понижувачка и деградирачка атмосфера, која може да премине во мобинг, напад, па дури и да се присили жртвата да замине или самата да побара решение во напуштањето на работното место.

Сексуално вознемирување на јавни простори е тоа насилство кое лицето го врши ова кривично дело со цел нарушување на достоинството, понижување,деградација и нарушување на удобноста на жртвата.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Република Северна Македонија иако има ратификувани меѓународни договори во ова насока сепак оттука произлегува и обврската на нашата држава да го усогласи домашното законодавство, како и постапувањето што нашата држава треба да ги првзема.

Треба да се прават радикални промени промовирајќи ги целокупните мерки во општеството во сите области на животот за однесувањето на жените и мажите со одредена намера, поконкретно за промена на сите предрасуди, обичаи, традиции, кој се базират врз идејата на инфериорност на жените или врз стериотипите на двата пола.Треба да се превземаат најсоодветните мерки за да се потикнуава еманципација на тоа општество, особено на мажите и момчињата кои треба да се вклучуваат активно во спречувањето на секов вид на насилство спрема спротивниот пол.

А како се постигнува тоа ?

Треба да се промовират и потикнуват кампањи со конкретни програми со цел за промена и подигање на свеста за семејното насилство во нашата држава. Сите последици што ги оставил насилството во општеството потребно е соодветна санација и превенција а тоа може да се постигнува само тесна соработка со националните иснтитуци за човекови права особено женските невладини организации.Сторителите на семејното насилство коренито треба да ги почитуваат сите програми со цел да ги усвојуват за да се однесуваат ненасилно. Државата е должна особено кон тие жени кои биле жртви на секој вид насилство треба да дејствува пружејќи соодветна помош и санација:засолнуваќи ги во посебни засолништва и запознавајќи ги со сите расплoжливи мерки,правно и психолошко советување делејќи финансиска помош , образование и обука за вробутување и пристап до сите здравствени и социални услуги , дури и обезбедувајќи и телефонски линии за помош.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Арнаудовски, Љупчо,(2007) „Криминологија“,стр.348. Август С Штип, Скопје,
Lopez-Neira I, Patel T, Parkin S, Danezis G, Tanczer L. ‘Internet of Things’: How Abuse is Getting Smarter. Rochester, NY:.(2019) Social Science Research Network;
Balsarkar G. Summary of four recent studies on violence against women which obstetrician and gynaecologists should know. J Obstet Gynecol (2021)India.
Devries KM, Mak JY, Garcia-Moreno C, Petzold M, Child JC, Falder G, et al (2013) The global prevalence of intimate partner violence against women. Science.
Mahapatro M, Kumar A.(2021) Domestic violence, women’s health, and the sustainable development goals: integrating global targets, India’s national policies, and local responses. J Public Health Policy.
Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство на РСМ (2018-2023) mtsp.gov.mk
Стратегија за родова еднквост (2013-2020).htpp://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2018/03/Strategija-2013-2020.pdf
Реактор – Истражување во акција (2015). Извештај во сенка за имплементацијата на националната стратегија за родова еднаквост во 2015 година, достапна на овој линк
https://reactor.org.mk/wpcontent/uploads/2020/05/Izvestaj-vo-senka-2015-MK-web.pdf
Државен Завод за Статистика (2015-2020). Анкета за користење на времето. Достапна на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.20.pdf
Извештај за напредок на РСМ (2019-2020). Достапни на линк https://www.sep.gov.mk/category/?id=46
Sektor_za_Ednakvi_moznosti_MKD[1].pdf (mtsp.gov.mk)
Државен Завод за Ревизија(dzr.mk)
Комисија за еднакви можности на жените и мажите(2020)(sobranie.mk)
Устав на РСМ
Кривичен законик(2023)
Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство(dejure.mk)
Конвенцијата за елиминација за сите форми на дискриминација врз жените достапна на https://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/2023
Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени и домашно насилство достапна на https://rm.coe.int/168046253a, 2023
UN Women. “Glossary of Terms from Programming Essentials and Monitoring and Evaluation Sections
„ Службен весник на Република Македонија„ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04.
„Службен весник на Република Македонија„ бр.80/92, 9/96, 38/04. Закон за семејство
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf
https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf, 2023
https://meta.mk/vo-prvite-tri-meseczi-za-17-proczenti-e-zgolemen-brojot-na-prijavi-vo-mvr-za-semejno-nasilstvo/
https://a1on.mk/macedonia/dva-femicidi-za-dve-nedeli-nevladinite-baraat-sistemski-odgovor-na-rodovoto-i-semejno-nasilstvo/, 2023
https://www.pravdiko.mk/zatvoreni-dve-tekstilni-fabriki-vo-sveti-nikole-prijaveni-se-sluchai-na-koronavirus/
https://lokalno.mk/korona-kriza-se-zatvoraat-nekolku-tekstilni-fabriki-vo-skopje-i-shtip/, 2023
https://praksis.mk/Document/Details/168817, 2023